Б И Л Т Е Н  Б р . 2

# 42

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
# "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ"
# П Р И Л Е П

0 4 . 0 6 . 2 0 0 7





*МТФ “Војдан Чернодрински” е обележан со многу големи имиња и успеси. Некои од тие имиња ги завршија своите ролји на оваа сцена, но ја одбележаа и трајно ќе ја одбележат оваа манифестација, како и театарскиот живот во Македонија, литературата и убавината во светот. Така кај оние кои се знаеле со тие големи луѓе ќе го оставаат она сеќавање кое никој друг и ништо друго не може ниту да ги замени, ниту да ги направи помалку важно.*

*д- р ФЕРИД МИХИЌ*

**Со повод: -** Димче Мешковски, добитник на големата Награда за животно дело

# МОЈАТА ПРОФЕСИЈА Е МОЈОТ ЖИВОТ



Димче Мешковски, е актер кој одиграл бројни улоги на театарската сцена, во филмовите. Актер кој не е определен само за хуморот. Така го насочувала ѕвездата водилка и затоа најдобрите остварувања ги постигнал токму во комедиите. Димче е актер кој со својот настап остава впечаток на природност и проживеаност не само на својот лик, туку и на целата сцена. Со пристап кој секогаш му е креативен. Тој е актер со позитивна енергија, со чудотворна сила, со голема отворена душа, уметник кој сите ликови на сцената ги донесувал со голема леснотија. Ете тој е Димче Мешковски - добитникот на годинашната Награда за животно дело на Фестивалот "Војдан Чернодрински". Повод за разговор со него.

**Зад Вас се секако многу награди но оваа чинам дека ќе Ви биде особено драга?**

- Во право сте. Оваа награда е сатисфакција за се она креативно што го работев изминативе години во театарот. Јас Ќе речам дека е едно отсликување на мојата креативност. Не сметам дека само јас ја заслужувам, дека таа ме двои од другите актери, но многу ми значи. Мислам дека не се искрени оние глумци кои ќе речат дека не им значи ваква награда. Среќен сум, задоволен сум што ја добив. Мислам дека сум ја заслужил. Публиката во Прилеп многу добро ме познава, зашто јас ја добив на овој Фестивал наградата за улогата на Тасе во "Викенд на мртовци".

**Дали сега кога се потсетувате на улогата на Тасе и на овој Фестивал Ви се враќаат сеќавањата на тие моменти, кога ја добивте наградата.?**

- Не само што се враќаат туку ме потсетуваат на тоа што значи воопшто прилепската публика. Знаете што: тие аплаузи што ги добив, тие доживувања тогаш посебно за таа претстава, иако сме играле многу други претстави, ме одушевија. Прилепската публика има традиција, има критериум. Тоа е она што најмногу ме радува и аплаузот што го доживувам од публиката. Затоа посебно и благодарам на прилепската публика.

**На публиката и даривте многу улоги?**

- Јас тоа што го дарив беше дел од мене. Не беше само подарување, мојот живот. Тоа беше егзистирање. Не сакав само да подарам туку го сакав тој начин на живеење.

> Има интереснимоменти кои се случуваат во комедиите. Една од нив е во "Солунски патрдии". Имаше на сцена комплетно дрвена конструкција.Играв пијан. Паднав по скали , се тркалам и една шпица како копје ми се заби во грбот. Во тој момент публиката паѓаше од смеење.Јас пијан а Ванчо Петрушевски ме прашува што е сега најважно да направиме. Му велам па после пиење најважно е мочање (простате). Публиката се смее. А јас имам копје во грбот. Во паузата на Ванчо му велам: извадија шпицата од мојот грб. Тој не ја извади ја поткрши. Подоцна со клешти го истрга дрвото го намачкавме местото со алкохол. Јас продолживна брзина и јас продолжив на сцена....

**Поголемиот број улоги што ги изградивте на сцената беа во комедии. Ја споменавте улогата на Тасе, но тука беа Јеротие во "Сомнително лице" Секула во "Солунски патрдии" и многу други. Што беше тоа што Ве влечеше кон комедијата?**

- Искрено не знам што ме влечеше кон комедиите. Јас сум актер. Не сум определен само за комедиите. Сакам да играм и други улоги и ги почитувам. Но мојот карактер е оптимизмот, радоста, среќата а и нешто друго: јас сум народен човек, затоа сакам да го израдувам народот, да го развеселам. Факт е дека во комедиите, повеќе сум учествувал и повеќе ги работам затоа што сакам народот што повеќе да се смее.

**Во долгогодишната кариера создадовте бројни ликови, богат репертоар, галерија на различни типови на карактери. Дали беше тешко да се донесат на сцената?**

- Навистина имам богат репертоар на ликови и тоа во сите форми. Јас сум несериозен и досега не сум водел никаква евиденција што сум сработил. Премногу работев и немав време да си посветам внимание на себеси. А и не си го ценев своето време. Не направив низ свој картотека, ниту биографија. Но да Ви кажам дека имам одиграно од 5000 до 6000 претстави во Драмски театар и меѓу 130 и 150 премиери.Тоа е само за театарскиот живот. Имам многу насинхронизирано цртани филмови, детски и сериозни ликови во радио драмите.Тука се и драмските и телевизиските серии, сценските и естрадните настапи. Сето тоа е дел од мојот живот. Имав богат живот. Мојата професија беше мојот живот. Затоа велам дека многу сум благодарен и на моето семејство кое дозволи сето тоа успешно да го работам, и него да го имам. Мојата сопруга многу вложи во мене и двете ќерки. Имав подршка кај нив и мотив да работам. Ништо не ми недостасуваше во сето ова мое креирање. А што се однесува дали беше тешко да се донесат улогите велам не.Тоа го правев со радост и леснотија.

**Димче Мешковски** е роден во на 31 октомври 1945 година во Скопје. Студирал на Филозофскиот факултет во Скопје( 1965- 1969). Работел во Драмскиот театар во Скопје (1967 - 2001). Од позначајните улоги ги издвојуваме: Баш челик (Баш челик, 1977); Секула ( Солунски патрдии, 1979); Јеротија Пантиќ (Сомнително лице, 1981); Тасе (Викенд на мартовци, 1985); Покојниот Марко фурнаџијата (Собирен центар, 1989); Добриот (Ова не е американски филм, 1997 година); Професорот Серебјаков (Вујко вања,1997 ); Илија Чвор ( Балкански шпион, 1998). Во 1986 година за улогата на Тасе во "Викенд на мртовци" ја доби наградата за актерско остварување на Македонскиот театарски фестивал "Војдан Чернодрински".

**Какво беше чувството да се биде на сцена, да и се даруваат ликови на публиката кои ќе останат во сеќавање?**

- Тоа е мојата најголема сатисфакција. Чувството да и дадете на публиката лик, да и овозможите смеа, чувства, да им ги дадете преку игра, да се почувствуваат самите дека се срекни во друг простор, во друго време, да се надвор од своите проблеми. Сето тоа за мене беше голема радост. И за публиката но за мене уште повеќе затоа што тоа им го овозможував. Се разбира доколку успеав во тоа.

**Моментно не сте на сцените од оправдани причини, но ќе Ве запрашам дали остана лик што не успеавте да го одиграте а го посакувавте?**

Ќе бидам нескромен. Многу останаа. Мислам дека можев уште. Здравјето не ми дозволи да бидам активен но се уште чекам да продолжам со своите активности. Не се симнувам од штиците. Како во вестерн филмовите додека не ги симнам чизмите. Јас сакам да продолжам на штиците што живот значат. Не ја одиграв но сакав да одиграм улогата на Ричард Трети. Сакав да играм во "Злосторство и казна" улогата на Клестаков. Сакав да играм ... Многу се... Комедиите се навистина најбројни. Има уште кој што сакам да ги играм. Уште сум оптимист и се надевам дека ќе ми се пружат можности за нови улоги.

## Л И Ч Е Н   С Т А В

Трајче Кацарски:

## ИЛЕГАЛЦИ МЕЃУ ТВОРЦИТЕ

Театарскиот свет е пренаселен со луѓе што работите ги вршат со позајмен идентитет. Колку само театарски чинители, бегајќи од сопствениот стерилитет, влегуваат на туѓа територија. Не ја познаваат а влегуваат. Необмислено, неодговорно и недоследно ги уништуваат убавините на бројните театарски креативци.

Летајќи како слепи птици, со лошо научени лекции ја префрлаат моќта од еден - во друг театар. Па публиката се чуди зошто сето тоа е така - така ниско, приземно, зошто театарот се наоѓа на местото каде што не би требало да се наоѓа. Имаат ли доблест нашите творци за некои од овие нешта да проговорат јавно пред општеството зошто верувам дека токму тој јавен говор му е потребен на Театарот денеска.



## МИСЛЕЊЕ

ПЕТАР ПЕТРЕСКИ:

### ФЕСТИВАЛОТ МОЖЕ ДА ГО ПОТТИКНЕ ДРАМСКОТО ТВОРЕШТВО



Суштествувањето на МТФ ,,Војдан Чернодрински,, веќе 42 лета е респектибилен време од за една култура. Тоа е факт. Но тоа не значи дека Фестивалот со тоа добива заокружен идентитет, препознатлив белег, нешто преку кого ќе го препознаваме. Препознатливоста води кон заборавот. Гледам луѓето се трудат Фестивалот да го подигнат на повисоко ниво, да стане балканска манифестација, да побуди интерес на драмските творци на овие простори, да биде мост кон европската култура. Тоа и ќе биде. Во контекст на тоа интересно би било да се размислува на темата ЈАВЕН КОНКУРС за драмски текст на македонските автори , на авторите од Балканот и Европа. Текстовите би ги оценувало жири кое во една година ќе ги прогласи победниците, а во другата со средства на Фестивалот ќе подготвува претстави со кои ќе биде затворен. Во меѓувреме вие како “Билтен” за време на одржувањето на фестивалот во една година ќе имате можност преку Вашите страници во продолжение публиката да ја запознавате со победничкиот текст, со неговата содржина и со авторот.

### П Р О М О Ц И И

Утре на пладне во сцена 105 во Центарот за култура “Марко Цепенков” ќе бидат промовирани театарски преводи од едицијата “Лицеум” од Културниот центар ”Скрб и утеха”.

Промотори: Тихомир Стојановски и Игор Стојановски.

“Страв и срам” од Душан Ристески, кој живее и работи во Сиднеј, Австралија. Книгата ќе ја промовира театрологот Трајче Кацаров.

Симултан превод

Фестивалот обезбеди симултан превод за претставите на Турскиот и Албанскиот театар. Турскиот театар ќе ја изведе претставата ”Зад кулиси” вечерва на сцената од центарот за култура ”Марко Цепенков”. А утревечер на истата сцена од 19.30 часот Албанскиот театар ќе ја изведе ”Лавиринтите на сеќавањето”.



- Годинешното жири будно ги следи севкупните збиднувања на сцената, но исто така не пропушта кој и да било вид на расправа или дискусија околу Фестивалот, театарот и околните случувања околу него.

**Гледавте:**

НТ - Битола
**"Макбетт"**
Режија:
Јон Карамитру
Сценографија:
Стефан Караџиу
Костимографија:
Благој Мицевски
Оригинална музика:
Марјан Нечак
Музичка илустрација:
Јон Карамитру
Перкусии:
Благојче Бојчески

Играат: Иван Јерчиќ, Габриела Петрушевска, Петар Мирчевски, Борис Чоревски, Петар Горко, Огнен Дранговски, Душко Јовановиќ, Соња Михајлова, Ирина Чоревска, Викторија, Степановска, Мартин Мирчевски, Никола Пројчевски.

**Одблиску за претставата:**

ЈОН КАРАМИТРУ, режисер: Во привлечноста што ја чувствувам спрема текстот на Ежен Јонеско не е тешко да се прочита одекот на историското искуство, преживеано од романец како мене, под "макбеттскиот" режим на семејството Чаушеску, што остана во тажно сеќавање. Им припаѓам на оние уметници кои не ги разликуваат животот и уметноста.

**Актерите за претставата:**

ПЕТАР ГОРКО: Соработката со режисерот Карамитру беше како глумец со глумец. Тој е многу познат во Романија. Кај нас настапи како колега со колеги. Морам да кажам дека беше малку тежок за разбирање, зашто романскиот театар има, можеби, поинакви видувања од нашиот, македонски, темпераментен театар. Сепак, се обидовме да се најдеме на некој начин и излезе производ кој стигна во селекцијата на МТФ. Навистина е прекрасно како реагираше публиката, имаше аплаузи на отворени сцени. Мислам дека добро го претставивме нашиот театар.

ПЕТАР МИРЧЕВСКИ: Јон Карамитру е големо режисерско име во театарот од светски размери. Имавме интересен начин на работа. Веднаш може да се заклучи дека во претставата станува збор за гротеска. Една театарска група сака да го постави Магбет на сцена и се случуваат перипетии. Задоволен сум дека имам уште едно театарско искуство зашто работев со големо режисерско име што ќе ми користи во натамошната работа. данкан е лик кој настрадал поради својата добрина и поради злобата на другите. Ова делува поучно, како лектира.

ГАБРИЕЛА ПЕТРУШЕВСКА: За трансформацијата на ликот во претставата, веројатно, ми помогна моето досегашно искуство. Не знам колку е тоа успешно, битно е да е тоа точно направено. Генерално, претставата помина супер, имаше убави реакции, публиката си врати на начинот на кој таа сакаше. Битно е овде кога ќе се дојде, да се ужива. А за градењето на ликовите? Па, секоја жена може да направи преобразба, како камелеон. Ќе црпеш од фина и мила, до жена ѕвер на сцена.

ИВАН ЈЕРЧИЌ: Текстот на Ежен Јонеско го претставува театарот на апсурдот. Во корелација со режисерот одлично профункционира, особено што текстот му е доста драг на Карамитру. Дури и е емотивно преживеан. Претставата ја постави како пресликување на ситуацијата во Романија во времето на владеењето на Чаушеску.

ОГНЕН ДРАНГОВСКИ: Режисерот има поинаков начин од оној што сме навикнале. Ова може да се нарече експеримент. Имавме секаква слобода.



**Публиката за претставата:**

- Битолскиот театар секогаш мефасцинира со претставите со кои доаѓа на Фестивалот. Очекував и овојпат да видам една извонредна претстава. А тоа и се случи.
- Прекрасна претстава, уживав да ја гледам актерската екипа на народниот театар од Битола. и овој пат ни подарија едно вистинско доживување.
- Извонредна режија, актери, одлична изведба.

НТ - Велес
**“Проклетството на изгладнетата класа”**
од Сем Шепард
Режија: Никола Ристов
Костими: Невена Тасева-Петровиќ
Сцена: Дејан Трипуновски



**Играат:**
Јордан Витанов, Слободанка Чичевска, Игор Ангелов, Кети Борисовска, Александар Ѓеоргиев, Кирил Гравчев и Едмонд Сотир.

**Одблиску за претставата:**

НИКОЛА РИСТОВ, режисер
Го избрав овој текст на Шепард зашто мислам дека е многу провокативен и дека ја опфаќа моменталната ситуација што се случува во зземјава и дава добра слика на состојбите. Првпат учествувам на фестивалот. Задоволен сум. Претставата ми е прва професионална претстава. Очекував малку повеќе публика , но во секој случај таа реагираше добро особено на тие сцени што требаше да реагира.

**Актерите за претставата**:

ЈОРДАН ВИТАНОВ, актер :
Задоволен сум од нашето претставување на сцената. Претставата помина добро. Имавме добра мотив за изгра.. Улогата што ја играм бара голема концентрација, малку ме изморува. Задоволен сум што работевме со режисерот. Тој е млад, ова му е дипломска претстава и се надеваме дека со него ќе работиме уште многу други претстави.

ИГОР АНГЕЛОВ, актер:
Задоволен сум од приемот на претставата, која помина одлично кај публиката. Се надевам дека претставата ќе живее. Улогата беше процес во кој с е втурнав. Пливав, пливав но не знам дали допливав. Режисерот Никола е млад човек, ова му беше дипломска претстава. Се надевам дека и понатаму ќе соработуваме со него. Малку чудно ми беше што е втор ден на фестивалот а имаше малку помалку публика во салата, што не е својствено за Прилеп.

СЛОБОДАНКА ЧИЧЕВСКА, актер:
Имавме многу убава соработка со режисерот иако е млад и ова му беше дипломска претстава. Целата екипа многу добро соработуваш есо него. Тој цврсто ги држеШе конците во раце но ни дозволи и ние да се искажеме на сцената. Мислам дека улогата многу убаво ми „легна„. Ја засакав уште кога ми беше доделен текстот. Мислам дека направивме добра претстава. Публиката во Прилеп е добра и знае да награди со аплаузи.

КЕТИ БОРИСОВСКА, актер
Ја играв Ема, се надевам добро ја претставив, со оглед дека имав малку време а морав да да поминам многу периоди. Темата на претставата е инспиративна. Публиката беше малку тивка. Можеби ја понесе темата и затоа гледачите беа тивки.

**Публиката за претставата:**

- Претставата беше добра, ме трогна зашто во реалноста постојат вакви човечки судбини.
- Добра претстава, поучна.
- Интересна претстава. Добар текст но во одреден момент почувствувам мал дисконтинуитет во претставата. Сепак во целина беше добра.
- Малку несредена претстава. Се гледа дека ја работел почетник режисер. Поединечно имаше сцени кои беа добро сработени. Актерите го дадоа максимумот.

**НА ТЕМЕЛКОВСКИ ПЕТАР**

Гласно! Гласно сакам да ти кажам о Петре брату,
А не да пуштам глас стишен - нечуен за уво:
се чувствувам блажен што се сретнавме во Прилеп.
стамени, со кренати глави и рески в духом -
полни в душом од татковинска љубов;
Македонија таа наша неизцрпима Стерна што в гради стии,
реви, клокоти и збивта;
не оти молкома се таи, се токме да брефне,
да прсне, да се разлее и да го сочисти правот од нашите белки,
да го ублажи болот на колковите ни расточени и трошни,
уморни, но вични за чекорења уште!
Сончев молскот во зениците ни блеска
очите и умот помно го донесуваат судот:
можеме ли да го изодиме и овој Најдолг пат -
пат сличен на Анадолската пустош,
сур и клет,
за нас исполнет со светост -
она истата светост дарувана од Кирил,
од Методиј;
од Наума и Климент
започнаа со писмо да го ѕидаат мостот,
да го вудвосуваат,
во клоучка да го врзат знаењето на светот,
светот - пред нов светоглед да го спрострат!
Гласно!
О Петре брату -
гласно за таа љубов сакам да ти глаголам громко, а не со глас стишен.
Глас нечуен за уво - за да чујат сите божици и музи.
Од Филипи до Стоби.
Од Хераклеја па до Лихнидос.
Нека надојде бран од лебедови крилја
и нека се крили над нашиот театар -
над нашето севкупно дело и пофтеж - над нашиот збор и завет!
Над се она македонско или Македонија што се вика..
За тоа, сакам да ти глаголам, о Петре - побратиме и брату.



# РАБОТИЛНИЦА:

## ЛУТЕТЕ СЕ -



**- Без зборови**

## РЕШЕТАСТО ЌОШЕ

Велат битолчани:
"Замислете битолскиот театар 40 години ти работел без билетарница, а ние дури сега забележавме. Можеби не ќе забележевме доколку благајната од Домот на културата во Битола не ни ги откажеше услугите. И сега што ни останува, ќе мора да размислуваме за простор за оваа намена, се туфкаа битолчани.
" Ех, воздивнаа учесниците на годинешниот фестивал. "камо и ние да сме на ваше место. Што дека имаме благајни кога немаме театар ниту приближно како вашиот . . .

* * *

Во Бифето падна облог, не за тоа дали кокошката е постара од јајцето или јајцето од кокошката- туку дали Република Македонија е постара од Киро или Киро е постар од Република Македонија..."
Ова не се однесува на Киро Глигоров - туку на мојот другар од детството Киро Турникапа од Чумооо.

* * *

Ако го сретнете деновиве Благоја Спиркоски - Џумерко (пензионер како мене) не го вознемирувајте. Човекот е во творечки занес. Пишува сценарио за долгометражен филм "Гицо". Инаку, Гицо е прасе што живее во Прилеп и страда за вода. Семејството го сместило на петтиот кат, го ставило во када и му ги завиткало нозете со партали за да не го греби емајлирот. Секој што ќе има потреба од вц може да го чешка Гиге по грбот и да го полева со водичка по главата. Додека тоа го прават сценаристот Џумерко растрчува по Министерства, по пријатели и пријателки да собира средства за снимање на филмот. Можеби подобро ќе му беше во оваа акција да се впуштеше со познатата химна: 41 илјада маченици точка, ком - парталковци, по електронските медиуми. И така и така Гиге не ќе сфатеше ништо. Бидејќи прасињата владеат само во Орвеловата "Зоолошка градина".

# КОПРИВАРНИК



## И ТОА Е ЗДРАВО

### ФЕСТИВАЛСКИ (Н) АФОРИЗМИ

- НЕ Е ВО ПРАВО ПУБЛИКАТА КОГА ТВРДИ ДЕКА ОД ДОЛЖИНАТА НА ПРЕТСТАВИТЕ УМИРААТ ЗА ЈАДЕЊЕ - ЛАЖАТ! ЖИМИ МАЈКА ЛАЖАТ, ТИЕ ГОДИНАВА ИМААТ ТАКВА РЕТКА МОЖНОСТ СЕКОЈА ВЕЧЕР ДА ВЕЧЕРААТ РЕЖИСЕРСКИ ПОПАРИ. И НАЈГОЛЕМИТЕ ЉУБИТЕЛИ НА ТЕАТАРОТ ДЕНЕС ВО НЕГО ГЛЕДААТ ПРАЗНО ЧУКАЊЕ НА СОБРАНИСКА СЛАМА!

* * *

- НА ГОДИНЕШНИТЕ ИГРИ АПЛАУЗИТЕ ПО ПРЕТСТАВИТЕ СЕ ТОЛКУ СИЛНИ ШТО ДУРИ НИ ЖАН МИТРЕВ ВО СКОПЈЕ НЕ МОЖЕ ДА СИ ГО СЛУШНЕ СРЦЕТО!

* * *

- ЛАЗАР КОЛИШЕВСКИ И НАТАМУ СИ ОСТАНУВА ПОГРЕБАН ВО МАКЕОДНИЈА

### *Мисла на Билтенот*

ТИТО ЗАМИНА НА ТУРНЕЈА СО БИТОЛСКИОТ ТЕАТАР. ЗЕМЈАТА Е БЕЗБЕДНА!

### ШПИЦ - БЛИЦ



Почитувана публико! Драга Господо, погледнете се на Фотосот и самите донесете суд. И покрај сите молби за време на претставите да не ги употребувате мобилните телефони тие како да ви зарастиле за ушите. Ајде да е само тоа. Околу партерот, по скалите можете да видите како растрчуваат дечиња. Сиромав татко, на својот тригодишен син му ја покажува сцената а детето вресна од силниот наплив на музиката. Во меѓувреме од партерот светкаат мобилните камери. Би било романтично да сме на некоја ледина полна со светулки. Верувајте би се радувале и би уживале, но ние сме в театар а тоа тука е недопустливо. Кога ќе го прочитате ова, присетете се и на фактот дека е срамно текстот да го повторуваме.



### НА ЈОРДАН ПЛЕВНЕШ

Слушам, грабодинаат
зборовите твои.
Тупот на бројни копита којнски
ја стружат калдрмата сура,
Просторот грми,
загушува уши.
Блешти молња од твоите очи
сини.
Слепило се е над оние што
никогаш не си сакал да ги
видиш,
А тие се тука, потука оттука
и капата ти кројат.
Во градот на Стерија се токмат
главата да ти ја симнат.
Ти, невиден дрзник,
Револуцијата нивна им ја
спомна..
Нели таа не е твоја, му
кажуваше на Алберти!
Р' сна смеа од неговите усни.
Досетникот ти ги нуди сите
маслинови шуми на Цезар;
во Рим те води, ти зборува за
планети.
За сјај и мириси цветни.
За блескот на лачен мермер -
за Колоселиумот вечен.
Збори Алберти зошто во тебе
виде на себе сличен.
Зарадуван кликна од восхит
заедно со Париз
се радуваше на твоите дела,
збореше за"Р"
"Македонија ќустенде".
Предвреме не оти Ти беше чул
гласот на Подземната
република.
Ти предложи да ги светните
модрите води на Лихнидос.
Ти предложи со зраците на
сонцето од виргина да го
поврзете светот.
Да бидиме сите едно - да
бидиме сите во едно.
Нели за тоа и ние си
подадовме рака
Тогаш кога фестивалот
"Војдан Чернодрински"својот
петти роденден зеде да го
слави.

**Гледавме:**



НТ - Штип
**"ТАРТИФ"** од Андреј Розман
Режија: Владо Цветановски
Сценографија: Владо Ѓоревски - Рафик
Костими: Благој Мицесвки
Избор на музика: Милорад Анѓелов
Драматург на претставата: Дарко Јан Спасов
Видео дизајн: Љубан Стамениќ

**Играат:**
Ѓорѓи Јолевски, Зорица Стојановска, Раде Рогожаров, Жаклина Петровска, Ненад Митевски, Ненад Митевски, Милорад Анѓелов - Мики, Наташа Петровиќ.

**Одблиску за претставата:**

ВЛАДО ЦВЕТАНОВСКИ, режисер:
Се одлучив да го работам "Тартиф" затоа што се обидуваме да искомуницираме со реалноста која е грда, никаква, расипана, со таков вид на енергија која ги убива нашите чувства. Затоа се обидуваме на некој начин да се ослободиме од нив. Во таа смисла "тартиф" ми изгледаше интересен текст. Фестивалот "Војдан Чернодрински" е многу значаен за македонскиот театар и затоа на разни начини треба да го подржуваме, зашто тука е простор каде се искажуваат годишните продукции на театрите.

**Актерите за претставата:**

РАДЕ РОГОЖАРОВ, актер:
Ме радуваше соработката со Владо Цветановски на овој проект иако досега со него сум работел многу претстави. Во претставата "Тартиф" го толкувам ликот на Оргон, лик на семеен човек, кој што од аспект на денешнината размислува дека :целта ги оправдува средствата. вели: "во време кога е затруен светот живееме здраво и сугурно, а преку Интернет продава органи". Замислете каква иронија е тоа? Човечкиот живот очигледно денес не е многу ценет. Текстот бара анализа и целосна енергија за одигрувањето на ликот. Се бара голема концентрација во самата претстава. Прилепската публика одлично реагираше иако беше затекната. Претставата е огледало на нашето секојдневие, на нашето битисување.

ЃОРЃИ ЈОЛЕСКИ, актер
Оваа претстава за мене беше многу значајна од причина што прво со режисерот Владо Цветановски по 10 години работиме заедно, второ што првпат гостувам во штипскиот театар и на мое големо задоволство одлично коминицирав со колегите и со градот и трето "Тартиф" на Андреј Розман е посебна варијација на Тартиф кадешто лицемерието не е дадено во форма како што го нуди Молиер, туку во форма која во почетокот на 90 години се појави на поранешните ју - простори со распадот на тогашната држава.Текстот зборува за распадот а во него е внесен системот на лицемерието и демонското. Јас сум среќен што и авторот Розман е задоволен од изведбата на претставата. Претставата ние ја играме со многу , многу страст.

ЗОРИЦА СТОЈАНОВСКА, актер:
Со режисерот се знаеме 4 години.Тој беше мој професор и знаеше како јас функционирам. Јас знам во кои правци може тој да ме насочи. Имавме одлична соработка во градењето на ликот. Исто така добра соработка остварив со Ѓорѓи Јолески. Тоа беше убаво искуство за мене. Ликот што го играм е малку проблематичен лик, малку потежок за изградување но се надевам дека успеав да и го доловам на публиката.

**Публиката за претставата:**

- Добра претстава.
- Интересна претстава. Малку напорна за следење. Задоволен сум од она што беше спакувано како театарски производ.
- Да се посвети поголемо внимание на оригиналниот текст за да се долови вистинската слика за темата.
- Претставата беше интересно изградена. Малку модернистички направена но во целина добра.



Народен театар Битола
**"Состојба на света"**
Режија: Софија Ристевска
Видео дизајнер: Филип Јовановски
Костимограф: Благој Мицевски
Избор на музика: Иван Јерчиќ и Илија Тирицовски

**Играат:**
Иван Јерчиќ, Мартин Мирчевски, Маја Андоновска, Викторија Степановска

**Одблиску за претставата:**

СОФИЈА РИСТЕВСКА, режисер:
Многу беше возбодливо да се режира една вакаа претстава, особено ако се има предвид дека работев со извонредна екипа на млади глумци. Многу добро се организиравме и со многу љубов ја работев оваа претстава.Имаше моменти кога се боревме, кога требаше да се постигне повисоко ниво, со часови разговаравме за една сцена, за една ситуација, но на крајот успеавме да ја испратиме пораката до младите што ни беше и целта.

**Актерите за претставата:**

МАЈА АНДОНОВСКА, актер
Вечерашниов настап беше со полна енергија што мене ми е многу драго а улогата е нешто што ни се случува секојдневно, во реалниот свет. Секој ден слушаме за проституција, дрога, сида, наркоманија и не беше тешко да се создаде таков лик. За мене беше предизвик да создавам ваков лик заради тоа што сум премлада и како актер, како една екипа на млади актери, ентузијасти многу добро ја искомпониравме. Многу ми е мило што вечерва дојдоа млади луѓе да ја гледаат претставата.

ВИКТОРИЈА СТЕПАНОВСКА, актер
Многу интересна претстава малку поинаква бидејќи темата е актуелна, тоа е она на што го гледаме околу нас и многу лесно е да се долови. За жал вакви млади луге живеат околу нас. Сакавме да покажеме со прст кон тие луѓе, за да им помогнеме да сфатат дека она што го прават не е во ред. Мислам дека донесовме добра порака и тоа се чита од претставата.

ИВАН ЈЕРЧИЌ, актер
Глумам улога на човек кој не по своја вина е на маргините на општеството, прави работи за кои понекогаш жали што ги направил. Прилепската публика ни даде одличен “фит-бек”, затоа сум многу задоволен од она што се случуваше на сцената. Бидејќи станува збор за камерна претстава сеуште многу луѓе ја немаат видено, но се надеваме дека ќе ја гледаат понатаму.

**Публиката за претставата:**

- Одлична актерска игра, претстава која потикнува на размислување, претстава која не учи за љубовта, која вреди да се гледа многу пати, феноменална режија, ново за нас досега невидено.
- Гледавме прекрасна претстава која зборува за љубовта, претстава со силна порака до младите, штета што за многумина немаше место, а имаше многу млади луѓе кои сакаа да ја видат.
- Млади актери, млад режисер, млада публика и силна порака.



Промоција **“Долна Земја”** од Благоја Ристески Платнар

Таму долу, кај Расимбегов мост, кај Црна река, Мариово, е камената куќа на Платнар. Оставнина за семејството, но и за секој кој му се спротивстваува на минливото. Оти вечноста е во трагите што ги оставаме. Овој пат трагата на Платнар е во романот “Долна Земја”. Го издаде НИП “Врв” од Прилеп, при магазинот “Деница”. Го промовираше Ферид Мухиќ.



ГРАДИНАРОТ ОД
**"ДОЛНА ЗЕМЈА"**

Благоја Ристески Платнар е еден од големите луѓе кои никој и ништо не може да ги замени во нашите сеќавања и во нивното дело. За Платнар сме тука, насмевнат, весел, бесконечно жив, отворен за сите нешта и бескрајно богата личност и талент. За тоа нема многу основа ни да се зборува покрај она што тој го напишал. Во неговата нова постхумна книга "Долна земја" има досега неколку необјавени работи на Платнар. Тој е човекот со кого разговарав многу и со кого секој што разговарал, имам впечаток дека нема што не знае и нема што не прочитал. Еден разговор со него беше повод за ова. Јас многу подоцна наидов на податокот за Рабиндранат Тагоре, со кого почнува овој приказ, но Платнар во долг разговор со мене како веќе да го знаел тоа иако не се навраќаше. Ова е обид да ги споредам двајцата големи градинари, градинарот Тагоре кој ја негуваше убавата градина, градината преполна со рози и градината во која сакаше да ја оствари онаа недостижна убавина во која ќе нема ниту сенки ниту грижи ниту страв. Платнар беше друг градинар. И на горната и на долната земја така да кажам. Тој ги знаеше двата света, двете земји. Мислам дека тоа беше големата предност на овој, нашиот, прилепскиот градинар, од, градинарот од Црна, градинарот од Долна Земја - Благоја Ристески -Платнар. Тој направи нешто што е и во литературата и во животот веројатно максимум до кој оние што од мајка се родени можат да стигнат. А тоа е : да не бидат незадоволни од она што го направиле, туку да сметаат дека направиле онолку колку што навистина може да им ја радува душата, ним и на оние кои ги сакаат и кои со нив го споделиле нивното дело.

"Секој писател е градинар; некои од нив сосема невешти, неуки, без усет, некои пак познавачи, учени и вешти. Сите копнеат во својата градина да го видат цветот поради кои станале градинари…Нобеловецот Рабиндранат Тагоре во своите последни мигови призна дека напишал 6 000 песни, севезден барајќи ја таа едната, не го видел својот цвет!
Благоја Ристески Платнар имаше и дарбина, и сила, мисли и зборови, блага душа и добра мисла- сето она што го имаше и Тагоре; но Платнар го одгледа својот цвет…Платнар е градинар и на Горна и на Долна змеја! Залудно е да бидеш градинар само на едната - онаа возвишената, благородната, миризливата и нежната!...
Оваа книга не е книга; ова е Платнарова Градина во која е одгледан цветот за кој сонуваат сите градинари, испеана е онаа песна по која копнеел Тагоре, додека ги испишувал сите свои 6 000 песни! Нека двајцата големи градинари сега спокојно спијат!

**Трибина:** "Домашен драмски текст, криза на институциите или на авторот"
модератор : Венко Андоновски

## Нема добар драмски автор без компетентан критика и стимулација !

"Јагулите ќе се вратат ако треба и со лифтови на браната, но авторите многу потешко се враќаат во театарот". Токму со оваа реченица модераторот Венко Андоновски, драмски автор, ја започна трибината, по воведното високо шифрирано метафоричко обраќање на уметничкиот директор, Петар Темелковски.

Криза на авторот не постои туку вината е во системот.

- Криза кај авторот не постои и авторот е автор само затоа што никогаш не е во криза што се однесува до творештвото. Тој перманентно е во лична криза. Ако говориме за криза на театарот, не можеме да говориме



за криза на авторот. Ако ги исклучиме скрибоманите и оние кои пишуваат лоши текстови, ние не можеме да кажеме дека постои криза кај авторот. Дури и во најскудните времиња, идеите биле огномет. Имало дефлација од идеи кога имало инфлација - рече Андоновски.

Тој посочи дека секојдневно на неговата работна маса пристигнуваат драмски текстови од млади автори и ним треба да им се даде можност да влезат во трката за да победат.

- Македонија има одлични драмски автори. Системот и институциите се должни да ги откријат тие автори, да ги промовираат. Институциите - факултетите, театрите и министерството, не може да се однесуваат како театарот да е терцијална дејност. Институциите сите овие години ги заменуваа малкумина режисери кои откриваа автори и застануваа зад нив. Вината ја префрлам на системот кој треба да знае дека нема поголема штета од напишан, а не одигран текст - рече Андоновски.

Според него, драмските текстови не се наменети за читање, туку содржат колективитет, масовна уметност една уметност на заедницата.

Наспроти обвинувањата на системот, Андоновски потсети на ограничувањата на буџетот во културата.

- Ситемот се менува само со пари. Ако се распише една награда од 15 илјади евра за млад автор, ќе стигнат ракописи од кои ќе боли глава - рече Андоновски.

Но тука се надоврзува постоењето на компетентна театарска критика која ќе пресуди кој текст треба да победи.

- Со години македонскиот театар е во страотен расчекор како практика со она што го викаме теорија и критика. Нема никаква стимулација за некој да се занимава со театарска критика освен неговиот личен афинитет. Затоа, ни се случува младите откако им се одбиле текстовите, да ги пратат на странски конкурс и да добијат поддршка. Тоа е срам за театарскиот живот во Македонија, за министерството кое е должно да го чува и негува театарот - рече Андоновски.

Но од другата страна на тасот од вагата, Андоновски го стави прашањето за постоење училиште за драмски автори.

- Не сум убеден дека постои "школовка" за драмски автор. Ако пишувањето драмски текстови е занает, ние само ќе ги повторуваме познатите форми и ќе се доблжуваме до она "Формата умира во рацете на епигоните". Постои опасност театарот да се претвори во угостителска дејност. Мора и младите и оние кои сакаат да се појават во театарот, да работат на својата индивидуланост - рече Андоновски.

Имаме идеален изговор во моментот да не одиме напред со македонскиот драмски автор кој мора најитно да се суспендира. Без пари нема одење напред. Тие луѓе мора богато да се наградат, а богато треба да се награди и "школовката" на една идна генерација театарски критичари кои ќе знаат да го мислат тетарот.

ТРАЈЧЕ КАЦАРОВ:
Од страв дека можеме да бидеме на позиција на домашниот автор, прибегнуваме кон она што не е наше, кон туѓото како можност да не стави во позиција на некои европски или светски стандарди. Страшно е што со нас постојано е синдромот на мал човек, мал народ, на мали творци и на луѓе кои што, според она што Кундера го кажа, треба да сме во контекст. Мислиме дека надвор (во Европа) сме ништо. Така, може три пати да се игра Х.Бојчев или Кољада, но ако се јавеше Чашуле или некој друг од нашите автори, сметаме дека е многу. На прашањето кој е во предност, преведениот или добриот автор? Блаже Конески одговори многу јасно - добриот автор. Зашто, некој некогаш нема да се срами од домашните автори и ќе открие колкави потенцијали има во домашниот драмски текст. Еве пример колку не си ја знаеме домашната драматургија. Кога го правевме " Гроф Миливој " од Ристо Крле ниту еден не знаеше дека токму тој е авторот. Мислеа дека е српски автор во прашање. Нашите млади режисери за да покажат дека се подготвени за Европа, го детронизираат домашниот автор. Македонија нема, ниту ќе има стратегија да го преведе домашниот автор и да го претстави на светската театарска сцена. Тоа веќе го прават Словенците. Министерството за култура треба да има систем и да даде пари за да го стимулира домашниот автор.

БРАТИСЛАВ ДИМИТРОВ:
Авторот и институциите не се две спротивставени страни. Кризата е нивна и заедничка. Нема млади и стари автори. Само делото го прави авторот млад. Треба да бидеме реални во дијагнозата за да го најдеме лекот. На два милиона жители, на 10 години да се јавува добар драмски текст - не треба да се чувствуваме инфериорни. А занаетот е алфа и омега на сите приватни професионални активности. Тој што ќе успее креативно да го изневери занаетот, тоагаш се јавува уметничкото дело. Ние во тогашна Југославија немавме проблем со неиграње домашни автори. Затоа треба да се направи вистински духовен пазар. Режисерот е тој што ќе понуди текст.А ако тој нема клуч како да се одигра- залудно е . Текстот е само еден сегмент. Тој е убав повод за претстава која треба да го отсликува духот на времето.

ДРАГАНА ЛУКАН, студент
Занаетот е пет насто од драмскиот текст како целина но тие треба да се научат. Всушност ние учиме како не треба да правиме за да бидеме различни како автори.

МАРИН БАБИЌ
Честопати актерите мора да изговараат реплики што е потребно посебно толкување за да се разбере што сакал авторот да каже. Ако јас како глумец се нафатам да одиграм нечиј текст, тогаш мора и да го доживеам задоволството. Кај нас е помодарство кога ќе се појави еден драмски автор ( Горан Стефановски, Јордан Плевнеш), сите прават слични текстови. Драги мои млади автори. вам ви се обраќам: Ние глумците сме неинформирани што вие правите. Дајте да ги прочитаме вашите текстови. Сакам да навивам за вас.Често се носат текстови на некои директорчиња кои се менуваат на 15 минути.

ЈАНИ БОЈАЏИ:
Имам впечаток дека спрема темата се однесуваме исклучително на мајтап, потценувачки. Прво, како е поставена темата, па се прашувам за што се зборува овде. Не гледам сериозен пристап.

БОРЧЕ ГРОЗДАНОВ:
На Фестивалот имавме биенално "македонска драма". Тоа се случи два-три пати. Каде се загуби тогаш македонскиот автор? Имавме 15 постановки "Чашуле" (без минимизирање), ги имавме Венко Андоновски, Горан Стефановски и толку. Зарем немаше млади драмски автори? Гарантирам дека имало. Мислам дека во театрите треба да се врати функцијата - драматург.

ЈОРДАН ВИТАНОВ:
Треба да откриеме модус систем како македонскиот текст да го вратиме на сцената. Има автори што не ги знаеме, но не значи дека немаат драмски текст. Не мислам дека некој некому треба да му го донесе текстот на рака. Потребна е глобална мрежа на информации. Можеби тоа е тоа преку ФДУ и преку веб страницата каде може да се види драмскиот текст од некој автор. Тоа треба да биде отворена комуникација.

ЃОРЃИ ЈОЛЕВСКИ
Треба да се најде систем преку кој ќе се дојде до драмскиот текст. Во В. Британија, каде има најголемо почитување на драмскиот текст, има многу софистициран систем; конкурс, се селектираат текстовите, па тие селектирани пак се читаат. Кога ќе се одбере текстот, ако треба авторот и режисерот ќе го доработат. Тогаш ќе се добие квалитетен драмски текст. Во Македонија нема систем за да се дојде до вистинскиот текст. Од нас зависи како ќе го направиме тоа.



***Ќе гледате:***

**Понеделник:**

*НТ "Којдан Чернодрински" 19.30 часот*
*НТ Куманово*
***"Обиди"***
*режија: Роберт Симоновски*

*ЦК "Марко Цепенков" 22.00 часот*
*Турски театар Скопје*
***"Зад кулиси"***
*режија: Драгана Милошевски - Попова*

*НТ "Војдан Чернодрински" 24.00 часот*
*Испитна претстава на студентите по актерска игра - Четврта година*
***Класа на Владо Цветанвски и Мими Таневска***

**Вторник:**

*ЦК "Марко Цепенков" 19.30 часот*
*Албански театар Скопје*
***"Лавиринтите на сеќавањето"***
*режија: Куштрим Бектеши*

*НТ "Војдан Чернодрински" 22.00 часот*
*НТ Прилеп*
***"Четвртата сестра"***
*режија: Кирил Петрески*


Билтен на 42 МТФ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - Прилеп
За издавачот: Петар Темелковски
Уредува - Редакција: Слободан Рошкоски, Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Златка Пурковиќ
Фотографии: Светлана Ристеска и Каролина Мицевска.
Печати: „ТИРЕКС" - Прилеп



Македонски театарски фестивал
**„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - ПРИЛЕП**
Дом на културата „Марко Цепенков"
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@mt.net.mk
www.mtf.com.mk

## *ЛИЧНА КАРТА НА ФЕСТИВАЛОТ*

# 42 МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" – ПРИЛЕП

***Покровители:***
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Бранко Ѓорчев - Драмски театар,
Горан Илиќ - НТ Куманово,
Драган Маџиров - НТ Струмица,
Јордан Витанов - НТ Велес,
Кирил Ристоски - ФДУ,
Љубомир Чадиковски - Театар за деца и млади
Наџи Шабан - Турски театар Скопје
Осман Ахмети - Албански театар Скопје
Сашо Огненовски - НТ Битола
Сенко Велинов - МНТ
Тони Чатлески - НТ Прилеп
Трајче Кацаров - НТ Штип

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - претседател
Бранко Ѓорчев - член
Горан Илиќ - член
Осман Ахмети - член
Сашо Огненовски - член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Блаже Миневски - драмски писател,
Бранко Ставрев - режисер,
Елхаме Биљали - актер

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски